Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 510 www.mchamber.mk 09.12.2022

# УСТАВНИОТ СУД ПРЕСЕЧЕ – РАЗГОВОРИТЕ ЗА СПОРНИОТ ЗАКОН ТРЕБА ДА ПРОДОЛЖАТ



***Уставниот суд одлучи да не поведе постапка за измените на Законот за работните односи во кој беше оспорено работењето во недела. Но, тоа не е причина да не ги продолжиме разговорите со Владата, со цел конципирање ново законско решение што ќе биде прифатливо за сите.***

***Во моментов, законското решение што е во важност, нема бизнис-логика, а има многу можности за негово прилагодување, кои не се спротивни на Уставот. Притоа ги имаме предвид компаративните искуства од опкружувањето, па дури и од членките на ЕУ, каде што работата во недела не е ограничена на ваков начин како кај нас, а сепак не е спротивна на уставните принципи.***

***Во тој правец ќе дејствуваме и ние во следниот период.***

ПЕКАБЕСКО

## ДОДЕЛЕНО ОДОБРЕНИЕ ЗА ОЕО НА НАЈГОЛЕМИОТ ПРОИЗВОДИТЕЛ НА СУВОМЕСНАТИ ПРОИЗВОДИ „ПЕКАБЕСКО“

# ПОКРОВИТЕЛИ
НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# ДОДЕЛЕНО ОДОБРЕНИЕ ЗА ОЕО НА НАЈГОЛЕМИОТ ПРОИЗВОДИТЕЛ НА СУВОМЕСНАТИ ПРОИЗВОДИ „ПЕКАБЕСКО“



купно 25 компании во моментов имаат стекнато статус на Овластен економски оператор, кој претставува потврда дека компанијата е сигурен и безбеден партнер на Царината, кој има воспоставено контрола над процесите на своето работење.

Одобрение за Овластен економски оператор денеска беше доделено и на најголемиот македонски производител и извозник на сувомеснати производи, Пекабеско АД Скопје.

Придобивките за компаниите со статус ОЕО значат примена на царински поедноставувања, побрзи и поевтини прекугранични постапки и приоритет при царинење. Цел на Царинската управа е проширување на овие придобивки во земјите во регионот и ЕУ, заради што интензивно се работи на имплементација на протоколите за меѓусебно признавање на компаниите со статус на ОЕО со Србија и со Албанија, преку електронска размена на овие податоци и вградување во националните царински системи.

Директорот на Пекабеско, Слободан Кутревски, вели дека стекнувањето статус на ОЕО, како и воведените олеснувања во царински постапки, влијае позитивно на реномето и трговско-економските релации на компанијата, а со тоа се подобрува нивната конкурентност како во државата, така и во поширокиот регион.

Годинава на граничниот премин Табановце – Прешево и Ќафасан – Ќафтане се отворени и посебни приоритетни ленти за стоки и ОЕО компании од земјите од Отворен Балкан. Од особено значење е и неодамна воведеното автоматско царинење за еден час со т.н. зелени царински декларации, од чија примена особено имаат корист компаниите кои поседуваат одобрение за Овластен економски оператор, како доверливи економски оператори, препознаени во процесот на анализа на ризик.

# ОДРЖАНА РАБОТНА СРЕДБА ЗА РЕГУЛАТИВАТА ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТА НА КОЗМЕТИЧКИТЕ ПРОИЗВОДИ



Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Советот за заштита на потрошувачи на РС Македонија одржа работна средба со цел навремено информирање на компаниите за планираните активности поврзани со регулативата од областа на безбедноста на козметичките производи и ревидирањето на листата за дозволени хемикалии во козметичките производи кои ќе се преземаат во насока на усогласување на домашното законодавство со европското, како и за одредени прашања поврзани со инспекцискиот надзор од оваа област.

г-ѓа Адиса Фазлиоска, претседател на Советот за заштита на потрошувачите на Владата на РС Македонија и претставник од Министерството за економија посочи дека безбедноста на козметичките производи генерално се уредува со Законот за општа безбедност на производите, Законот за безбедност на козметичките производи и подзаконските акти кои произлегуваат од овие закони, меѓу кои и Листата на супстанции кои се користат во производство на козметички производи (Службен весник на РМ 89/10), а оваа материја е



тесно поврзана и со прописите од областа на заштита на потрошувачите и го засега потрошувачкото право. Истакна дека безбеден козметички производ е производ кој не претставува каков било ризик по здравјето на луѓето, а секој небезбеден производ мора да се повлече од пазарот, додека одговорност за безбедност на производите имаат и производитлите и дистрибутерите кои се должни меѓусебно да се информираат и да известуваат до надлежните органи доколку одреден производ би можел да претставува ризик за потрошувачот.

д-р Меланија Ристовиќ од Државниот здравствен и санитарен инспекторат информираше дека инспекторите кои работат (вршат инспекциски надзор) на увоз, промет и производство над детски играчки, козметички производи и производи за општа употреба, во почетокот на март 2022 година алармираа за присуство на супстанциите Butylphenyl Methylpropional (Lilial) и Zinc Pyrithione (ZPT) во козметичките производи и производите за општа употреба, а кои заедно со уште 21 супстаца од 01.03.2022 година се забранети од страна на Европската Комисија. Таа предочи компаниите да ги имаат предвид регулативите OMNIBUS ACT IV- Regulation (EU) 2021/1902 со примена од март 2022 година и OMNIBUS ACT V - Regulation (EU) 2022/1531 со примена од декември 2022 година на ниво на Европската Унија, со оглед дека во следниот период се планира усогласување на домашното законодавство со овие регулативи и проширување на листата на забранети супстанции кои се користат во производство на козметички производи.

Во рамки на средбата се заклучи дека е многу важно компаниите (производителите, дистрибутерите, трговците) да бидат подготвени и навремено да делуваат со оглед дека во моментот кога листата на забранети супстанци во козметичките производи ќе се прошири и објави во официјалното гласило, сите производи кои ги содржат супстанците кои ќе бидат забранети ќе мора да се повлечат од пазарот.



# НОВИ АЛАТКИ И УСЛУГИ ЗА ЈАКНЕЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА МАКЕДОНСКИТЕ ИЗВОЗНО ОРИЕНТРАНИ КОМПАНИИ



Еден од главните приоритети во делувањето на Стопанската комора на Северна Македонија е да креира активности во насока на подигнување на извозната конкурентност на компаниите, бидејќи само преку зголемување на извозот може да се размислува за економски раст и развој на една економија. Кризите со кои се соочува нашето стопанство, но кои се присутни и во глобални рамки, и во овој период не се пречка за креирање активности кои се во функција на поддршка на извозот и помош на компаниите да излезат на пазарите во регионот но и пошироко. Во таа насока, пред извозните компании од Пелагонискиот регион е преставен проектот за Поддршка на приватниот сектор за регионална интеграција кој го спроведува Комората, во партнерство со УСАИД, во времетраење од 3 години, до крајот на јуни 2025 година.

Оперативниот директор за претставување на членките и вмрежување при Комората Билјана Пеева-Ѓуриќ, информираше дека зајакнувањето на извозните капацитети и конкурентноста на извозно ориентираните компании преку таргетирана поддршка во процесот на регионализација и интернационализација на македонскиот бизнис-сектор, ќе се спроведува со различен сет на активности, преку 2 основни цели.

1. Подобрување на регионалната и на меѓународната деловна соработка на македонските компании со пазарите на ЗБ и на ЕУ, што ќе се направи преку:

Студија за мапирање на регионалниот трговски и инвестициски потенцијал;



Ќе се организираат по 2 конференции на годишно ниво и тоа (регионална конференција за промоција на интра-регионална трговија и деловна соработка со земјите од Западен Балкан и регионална конференција за промовирање регионален заеднички пристап во привлекување странски директни инвестиции и конференции за водење бизнис со ЕУ);

Организирање Б2Б средби, купувачки мисии

И ќе се креираат алатки за унапредување на јавно приватниот дијалог и создавање на подобра деловна средина за извозно ориентираните компании преку работата на Национален совет за извоз, кој ќе биде вклучен во процесот на креирање на политиките за зголемување на извозните можности на домашните компании.

2. Зголемување на конкурентноста на извозните компании и интеграција во регионални и глобални синџири на вредност, и тоа преку:

Изработка на анализа за извозните потенцијали, за да следи соодветно;

Поддршка на македонските компании во процесот на градење на нивните извозни капацитети преку развој на Стратегии/Планови за извоз на пазарите; дигитална трансформација; имплементација на меѓународни стандарди за квалитет и циркуларна економија; техничка помош за пристап до финансии итн.;

Планирана изработка на:„Платформа за дигитален извоз“ - Easy Export иРазвој на Институт за извоз, кој ќе се состои од Центар за обука кој ќе се фокусира на развивање на капацитетите на човечките ресурси преку одржување на обуки и работилници за извозно ориентирани компании и Истражувачки и аналитички центар кој ќе се фокусира на обезбедување услуги преку компаративни анализи за поддршка на извозните компании.

Проф. д-р Дарко Лазаров, од Меѓународниот институт за бизис анализа пред компаниите од пелагонискиот регион присутни во Битола ги презентираше прелиминраните резултати од Анализата за мапирање на извозните потенцијали на македонската економија. Информираше и дека за истата се користи современа научно-истражувачка и стручно-апликативна методологија. При тоа посочи дека основната цел на анализата е идентификување на можностите за раст на извозот на постоечките извозни производи што извозно ориентираните компании ги извезуваат на веќе постоечките пазари, како и идентификување на можностите за проширување на извозната активност преку пенетрација на нови извозни пазари.

Дополнително, втората цел на анализата е идентификување на можности за извозна диверфизикација преку мапирање на нови производи кои земјата не ги извезува, но за кои има потенцијални компаративни предности и реални економски претпоставки да отпочне да ги произведува и извезува на регионалните и глобалните пазари.

Предмет на анализата се над 5.300 постоечки и нови потенцијални извозни производи и над 170 постоечки и нови потенцијални извозни пазари. Резултатите од анализата ќе бидат основа за селектирање на секторите, производите и пазарите, како и извозно оринетираните компании кои ќе бидат поддржани во рамките на проектот преку различните активности како што се вмрежување, извозна промоција и обезбедување на стручни услуги.

# РЕГИОНАЛНИТЕ КОМОРИ ВО ПОДГОТОВКА НА КАМПАЊАТА „УЧИ ПАМЕТНО, РАБОТИ СТРУЧНО“



Во рамките на проектот „Образование за вработување во Северна Македонија (Е4Е)“, на 05.12.2022 година во Велес, се одржа регионална средба, работилница, за трансфер на организацијата на кампањата „Учи паметно, работи стручно“, од страна на локалните самоуправи и регионалните комори. Овие кампањи ја поттикнуваа соработката помеѓу компаниите и стручните училиштата на локално и регионално ниво, со краен резултат- создавање квалитетен и стручен кадар.

Изминатите години, кампањата „Учи паметно, работи стручно“ беше во организација на Министерството за образование и наука и Стопанската комора, а поддржана од проектот „Образование за вработување“ и Швајцарската амбасада во нашата земја. Кампањата беше организирана во 31 град, во 17 региони, каде преку социјален дијалог помеѓу учесниците на компаниите, стручните училишта, Стопанската комора и локалните самоуправи се дискутираше за потребите на реалниот сектор од воведување нови квалификации.

На работилницата на која присуствуваа претставници од локалните самоуправи, како и претставници од секторот за образование на локално ниво од Кавадарци, Велес, Неготино, Свети Николе, Крива Паланка и Куманово, претставници на регионалните комори и стручните училишта, беа презентирани принципите и придобивките од дуалниот модел на образование, анализи на пазарот на локално ниво, истражувања за потребата од кадри во компаниите и нивната подготвеност за вклучување на учениците во нивните организации за реализација на практична обука.

Претставниците од општините, како и претставниците од средните училишта од Кавадарци, Велес, Неготино, Свети Николе, Крива Паланка и Куманово ги истакнаа своите искуства, барањата, како и потребите на сите страни вклучени во кампањата.

Беше истакната важноста на социјалниот дијалог и реализацијата на Отворени денови во стручните училиштата и нивната соработка со компаниите.



# Одржан Македонско-бугарски бизнис форум



На иницијатива на министрите за надворешни работи на Република Северна Македонија и Република Бугарија, Бујар Османи и Николај Милков, а со поддршка на Стопанската комора на Северна Македонија и Македонско-бугарската стопанска комора, денес во Скопје се одржа Бизнис форум, на тема „До една милијарда и понатаму“.

На настанот, покрај официјалните обраќања од страна на министрите на двете држави, свое обраќање имаше и извршниот директор на Стопанската комора на Северна Македонија, Антони Пешев кој посочи дека двете земји се блиски соседи и пријатели и токму од тие причини потребно е да се работи на интензивирање на меѓусебната соработка со градење на квалитетно инфраструктурно поврзување долж Паневропскиот Коридор VIII, но и ефикасно енергетско поврзување кои значително ќе придонесат за раст и развој на економиите на двете држави.

И покрај фактот што инфраструктурната поврзаност не ја олеснува соработката меѓу двете земји, сепак бизнис заедниците наоѓаат начини да соработуваат за што говорат и позитивните статистички податоци кои во првите три квартали од оваа година бележат раст од над 50%, со што трговската размена надмина 700 милиони евра.

На настанот беа организирани и панел дискусии каде активно учествуваа претставници од стопанските комори, од ресорните институции и бизнис заедницата на двете држави, со присуство на повеќе од 150 компании, а се дискутираше за теми од сферата на енергетиката, инфраструктурата, земјоделството, туризмот, ИТ и индустрискиот развој.

Учесниците на настанот пратија заедничка порака дека Република Северна Македонија како земја која е на пат кон остварување на полноправно членство во ЕУ, во наредниот период потребно е да работи на поставување амбициозни но и реално остварливи, соодветни услови за раст и развој на економиите на двете земји и создавање на поповолни услови за бизнис секторот- инфраструктурно и енергетско поврзување; изградбата на пругите, патиштата; отворањето нови гранични премини, поттикнувањето на меѓу граничната соработка, заеднички проекти, размена на знаења и др.

Во рамките на бизнис форумот беа потпишани и четири договори за соработка.

# ПОСЕТА НА ЕАМ ШТИП - КОМОРАТА ВО ПОДДРШКА НА ИЗВОЗНИТЕ КОМПАНИИ



Потпретседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, д-р Јелисавета Георгиева Јовевска и претседателот на Клубот на извозници при Комората, проф.д-р Дарко Лазаров ја посетија долгогодишната членка на Комората ЕАМ од Штип и оствариja средба со г-дин Александар Патркliски сопственик на компанијата.

ЕАМ конфекција започнува уште од далечната 1936 година како занаетчиски дуќан на фамилијата Патриклиски, а подоцна во 90-тите години и како компанија која се занимава со производство на трикотажен материјал и готови трикотажни производи: плетење, бојадисување, шиење, дигитално печатење, везење.

Процесот на производство е под постојана контрола и тоа почнувајќи од првиот чекор од производството на предиво, преку плетење, фарбање и шиење и преку останатите производни процеси, се` до комплетирање на готовиот производ. Секој од овие оддели располага со современи машини и алатки, кои заедно со стручноста на менаџерскиот тим придонесуваат во ефикасноста и квалитетот на изработката на соодветните производи.

Оваа компанија неколку години имаше и сопствено производство на памук наменет за производниот процес, а денес количините на памук ги набавува првенствено од Индија. Најголем дел од производите на ЕАМ се извезуваат во повеќе западноевропски земји, пред се Германија, Швајцарија, Холандија и Белгија.

На средбата со сопственикот на комапнијата ЕАМ конфекција г-дин Александар Патркliски, се разговараше за актуелните предизвици со кои се соочува во работењето оваа компанија, како и за идните планови на компанијата, кои се првенствено насочени кон префрлање на производство во нови погони и обезбедување на електрична енергија од фотоволтаични централи. Од страна на г-дин Патркliски посочено беше дека во периодот на кризата предизвикана од Ковид-19, приходите на компанијата од извоз растат над 6.000.000 евра во 2020 година, односно за 80,5% во споредба со 2019 година, благодарение на тоа што компанијата лесно се прилагодува на новонастанатите услови.

Од страна на претставниците на Комората беа потенцирани приоритетите на Комората за следниот период и подготвеноста за поддршка на извозно ориентираните компании за нивна промоција на странските пазари.



# ОД ПОСЕТАТА НА РИО КАФЕ



Кризниот штаб на Стопанската комора на Северна Македонија оствари работна средба со Зоран Тодоровски, сопственик на РИО КАФЕ дооел Скопје и со генералниот директор на компанијата, Кирил Андоновски.

Со спојување на квалитетот, најсовремената технологија и врвниот дизајн, со потребите на потрошувачите, компанијата која активно работи веќе 32 години, успеа да создаде единствени препознатливи производи од кафе со наш македонски бренд Рио кафе и кафе БРАВО. Компанијата РИО КАФЕ денес е лидер во преработка и продажба на кафе на македонскиот пазар со околу 50% учество во истиот.

Компанијата минатата година инвестираше во нова, моментално најсовремена италијанска технологија за производство на кафе вредна 1.3 милиони евра. Оваа инвестиција е еколошки најсофистицирано решение кое придонесе за подобрување на квалитетот на кафињата од програмата на „Рио Кафе“, вклучително и добропознатите брендови Браво Премиум и Браво Класик, но и овозможува зголемување на капацитетот на работа, отворање на нови пазари и проширување на асортиманот со нови производи. Во 2022 година инвестираа 380.000 евра во поставување на фотоволтаици заради идно намалување на трошоците за енергија.

И за нив, 2022 година е една од најтешките години за работа од кога почнале со работа, вели сопственикот Зоран Тодоровски. Сметките за електрична енергија во најкритичните месеци достигнале и до 10 пати зголемување. Во моментот се борат и со конкуренцијата од регионот, која користи субвенционирана електрична енергија, имаат увозот на суровини ослободени од царини и повластени стапки на ДДВ за кафето. Со ваквата конкуренција од регионот, оваа година за нив значи 40% намален приход. За одржување на конкурентноста на производите на македонските компании, мора да се грижи државата преку изденачување на условите за стопанисување, вели сопственикот Тодоровски.

Кафињата од програмата на „Рио Кафе“ и Браво Премиум и Браво Класик се добро познатите брендови на македонскиот пазар, кој се создава повеќе од 30 години од страна на конмпанијата, но и од страна на 160 вработени во компанијата.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар**
**14.12.2022**

# Excel Data Analysis – Анализа на продажбата

Ексел алатките спаѓаат во најважните алатки во деловното планирање, микроекономската анализа и носењето на одлуки за подобрување на перформансите на продажбата на компаниите.

Во обуката се обработуваат 10 начини за анализа на податоците за продажба на компанијата со користење на Ексел. На тренингот ќе се користат и 7 различни техники за анализа!

Анализата ќе се прави со дескриптивна статистика, потоа со користење на Екселот ќе следува објаснувачка анализа на податоци (Exploratory Data Analysis-EDA), како и користење на специфични Ексел формули за анализа на продажбата.

За анализа ќе се користат и пивот табели за анализа на продажбата, потоа ќе се прави комбинирање на податоците од различни бази и примена на Power Pivot алатките. Ова ќе овозможи создавање на консолидирани извештаи.

На тренингот ќе се прикаже и техниката на одговарање на Open-ended questions неопходни за донесување на менаџерски одлуки поврзани со продажбата.

Анализата ќе опфати анализа на аномалии во продажбата, откривање на екстремни вредности и сл.

На крај ќе се обработат начини за презентирање на анализите, преку табели, графикони и примена на правила (conditional formatting).

Во свет во кој сме постојано опкружени со податоци, бројки, трендови и статистики, неопходно е да ги разбираме и да бидеме способни да ги користиме Ексел алатките за носење на деловни одлуки.

Предавач:

Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Форум**
**14.12.2022**

# МАКЕДОНСКО-СЛОВЕНЕЧКИ ЕКОНОМСКИ ФОРУМ

Ни претставува голема чест и задоволство да ве поканиме на Македонско-словенечкиот Економски Форум кој ќе се одржи на 14.12.2022 во DoubleTree by Hilton во Скопје .

На настанот, кој е по повод 30 години успешна соработка помеѓу Словенија и Северна Македонија и е во организација на Друштвото на словенечки и македонски стопанственици, Стопанската Комора на Северна Македонија и СПИРИТ Словенија со поддршка на Амбасадата на Република Словенија, ќе присуствува и делегација на стопанственици од Словенија во организација на Стопанска и индустриска Комора на Словенија (Gospodarska Zbornica Slovenije), а предводени од Министерот за стопански развој и технологија на Република Словенија, г-динот Матјаж Хан, кој ќе учествува на панел дискусија на настанот заедно со Министерот за економија на Република Северна Македонија, г-дин Крешник Бектеши.

Во прилог се поканата со кратка агенда на настанот како и листата на компании од Словенија.

Можност за пријавување и координација на Б2Б средби, Ве молиме пратете преку е-маил: contact@dsms.mk




Контакт лица:
м-р Сања Николова
++ 389 2 3244091, М. 071 230 452
sanja@mchamber.mk

**Семинар 15.12.2022**

# ЗАТВАРАЊЕ НА ДЕЛОВОДНИК, ПОДГОТОВКА НА СПИСИТЕ ЗА ВРАЌАЊЕ ВО ПИСАРНИЦА ЗАРАДИ НИВНО СКЛАДИРАЊЕ И СРЕДУВАЊЕ ВО АРХИВА

Целта на „онлајн" семинарот е да се разработат темите кои се однесуваат на начинот на затварање на деловодник поради завршување на тековна година, подготовка на овластувања за вработените кои се распоредени во писарница и архива, подготовка и составување на записници за враќање на документите во писарница и нивно средување во архивски кутии и сложување во архива, поврзување на броеви кои заостанале од минатата година незавршени или не одговорени и слични проблематики кои би произлегле во текот на работењето.

Целна група за семинарот:

-директори, раководители на сектори за нормативно-правни работи во компаниите, вработени во компаниите задолжени за архивско и канцелариско работење, како и за сите заинтересирани субјекти чиј предмет на работење е поврзан со темите на семинарот, како и за сите оние кои во своите компании и институции сакаат да ги подобрат и да ги унапредат техниките на канцеларискoто и архивското работење, да се информираат околу Законот архивски материјал, Уредбата за канцелариско и архивско работење.

Предавач:

-м-р Валентина Тодоровска, магистер по економски науки, специјалност финансиски менаџмент, управител на „Акаунтинг Солушнс" со 25-годишно искуство во областа на архивското работење..

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Конференција 16.12.2022**

# ЕКОНОМСКИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО 2023 ГОДИНА: КАКО ДА ГО ОДРЖИМЕ ЕКОНОМСКИОТ РАСТ И ЈА ТРАНСФОРМИРАМЕ ЕКОНОМИЈАТА

Светот се соочува со голем број на предизвици – економски и политички: војна во Украина, политички тензии во Азија, висока инфлација, висока цени на енергијата и храната, потреба од трансформација кон зелена енергија, незагадувачки индустрии, волатилност на финансиските пазари и неизвесност. Тоа го прави амбиентот за стопанисување во Република Северна Македонија неизвесен и поврзан со голем број на предизвици.

Сето ова наметнува економските субјекти и носителите на економски политики што повеќе да работат заедно, промптно да ги разменуваат информациите се со цел да се намали неизвесноста, да се ублажат екстремните шокови и иднината да се направи што поизвесна за стопанисување.

На тој план Стопанската комора на Северна Македонија и бизнис заедницата сакаат да дадат свој придонес преку организирање на конференција на која носителите на економските политики, Стопанската комора и претставници од бизнис заедницата би ги презентирале своите видувања за 2023 година, со цел да направиме подобри услови за економски раст и развој. Наша цел е оваа конференција да биде традиционална и да се одржува во декември секоја година како предвесник на економските политики и услови за стопанисување во наредната година.

За оваа година, Советот за унапредување на високото образование и стратешки истражувања во рамки на Стопанската комора на Северна Македонија организира конференција со наслов: „Економски предизвици во 2023 година: како да го одржиме економскиот раст и ја трансформираме економијата". Истата ќе се одржи на 16 декември 2022 година (петок) со почеток од 10:00 часот во Хотел „Александар Палас" – Скопје.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Михајло Донев
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

**Семинар 20.12.2022**

# УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРОДАЖБАТА, НАЧИН НА КОМУНИКАЦИЈА СО КУПУВАЧИ, ОДРЖУВАЊЕ НА МОТИВАЦИЈА ЗА РАБОТА, ПРАКТИЧНИ АЛАТКИ ПРИ ПРОДАЖБА И ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА САМОДОВЕРБА ВО НУДЕЊЕ НА ПРОИЗВОДИ

Целта на „онлајн" семинарот е да се разработат темите кои се однесуваат на начинот на мотивација за работа, развивање и одржување на позитивна атмосфера, поголема самодоверба за продажба, преземање иницијатива за продавање, користење на алатки за продажба, зголемување на тимскиот дух, свесност за бенефитите од унапредување на продажба и задоволни вработени-задоволни клиенти на долг рок.

Целна група за семинарот:

-директори, раководители на сектори за човечки ресурси, вработени во компаниите задолжени за обуки на вработените вклучени во продажба, за сите заинтересирани субјекти чиј предмет на работење е поврзан со темите на семинарот, како и за сите оние кои во своите компании и институции сакаат да ги подобрат и да ги унапредат техниките на директна продажба, е-трговија и продажба преку социјални мрежи.

Предавач:

-Сањица Србиновска, магистер по економски науки, специјалност финансиски менаџмент, генерален менаџер на „Легаси ДООЕЛ" со над 10-годишно искуство во продажба во интернационална компанија со меѓународни признанија.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 21.12.2022**

# УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК ЗА УСОГЛАСЕНОСТ СО РЕГУЛАТИВАТА ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ ЗАРАДИ ИЗБЕГНУВАЊЕ ПРЕКРШОЧНА ОДГОВОРНОСТ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 21 декември 2022 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „Управување со ризик за усогласеност со регулативата за работни односи заради избегнување прекршочна одговорност".

Во рамки на работилницата ќе се разговара за добро разбирање на регулативата поврзана со работните односи од аспект на најчестите прекршоци кои произлегуват од управувањето со работното време и начините како превентивно да се делува со цел истите да се избегнат и со тоа, ефективно да се намалат ризиците во работењето. Оттука, сеопфатно ќе се обработи темата за управување со работното време како еден од предусловите за успешно водење на деловниот потфат.

Ќе се дискутира пред сé за потребата од преземање формални чекори поврзани со работното време, како што се негово регистрирање и потоа и определување за секој вработен поединечно преку негово предвидување во договорот за вработување. Дополнително, ќе се анализира обврската за евиденција на работното време.

Потоа, ќе се разгледа прекувремената работа и ноќната работа, условите кога може да се воведат, нивното исплаќање и останатите обврски за работодавачот, а ќе се објаснати и институтите прераспределба и распоредување на работно време.

Детално ќе се објаснат специфичностите на годишниот одмор и ќе се разрешат некои од најчестите дилеми кои сé уште креираат нееднакво постапување во пракса.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

Семинар
21.12.2022

# НАПРЕДЕН ЕКСЕЛ ЗА РАБОТА СО ГРАФИКОНИ, СОРТИРАЊЕ, РЕВИДИРАЊЕ И ЗАШТИТА НА РАБОТНИТЕ ДОКУМЕНТИ

Напредниот Ексел овозможува високо професионално графичко прикажување на податоците од кои јасно се гледаат резултатите од работењето на компаниите, движењето на сериите, трендовите и сл. со што анализта на податоците станува лесна и прегледна.

Графиконите се најчесто користените алатки во деловното работење, истражувањата и при носењето на одлуки.

Во свет во кој сме постојано опкружени со податоци, бројки, трендови и статистики, неопходно е да ги разбираме и да бидеме способни да ги користиме графиконите, бидејќи тие се дел од најважните алатки за носење на деловни одлуки.

Предавач:

Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, реномиран регионален стручњак од областа на финансискиот менаџмент и предавач со долгогодишно искуство во земјата и странство. Во својата долгогодишна универзитетска кариера бил на раководни факултетски и универзитетски позиции како Ректор на Европскиот универзитет – Република Македонија, Проректор на Европскиот универзитет – Република Македонија и Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, декан на Економски факултет при Европскиот универзитет – Република Македонија, визитинг професор на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, Универзитетот “Свети Апостол Павле“ во Охрид и на Економскиот факултет на Универзитетот во Валенсија, Шпанија.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
22.12.2022

# TEAM BUILDING, ОДНЕСУВАЊЕ НА ТИМОТ И ПОДОБРУВАЊЕ НА КОМУНИКАЦИЈА МЕЃУ ВРАБОТЕНИТЕ

Team building како новина во внатрешната организација на компанијата е важен сегмент за успешно и навремено функционирање и опслужување на заинтересираните клиенти. За да се направи добар тим, покрај примарната цел соодветни луѓе на соодветно место, потрребни се постојани усовршувања на кадарот за да може да биде дел од брзиот технолошки развој и трендовите кои се наметнуваат во однос на функционирањето на компаниите. Конфликтите се дел од секоја работна средина, но начинот на нивно решавање мора постојано да се надоградува а се со цел ефикасна внатрешна комуникација.

Семинарот има за цел, да ја подобри вашиот внатрешен организациски момент на комуникација, да поработи на тимот и неговото однесување, да помогне низ практични примери, секој од нас да се држи до своите задачи и навремено да ги извршува.

Предавачи:

доц. д-р Викторија Трајков,професор и експерт за односи со јавност и комуникација и

проф. д-р Снежана Обедниковска, професор и експерт за лидерство и организациска промена.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

Семинар
23.12.2022

## Еднодневен „он-лајн“ семинар на тема: STAY ИНТЕРВЈУ – ЗАДРЖЕТЕ ГИ ВАШИТЕ ТАЛЕНТИ!

Стопанската комора на Северна Македонија на 23 декември 2022 година организира еднодневен „он-лајн“ семинар на тема: STAY ИНТЕРВЈУ – ЗАДРЖЕТЕ ГИ ВАШИТЕ ТАЛЕНТИ!

Организациите денес се соочуваат со бројни предизвици, особено во нашата држава. Голем предизвик за организациите е да обезбедат квалитетна и соодветно квалификувана работна сила и тоа во услови кога има недостиг на работна сила на пазарот на труд, кога постои изразена миграција на населението кон подобро развиените земји, кога организациите се справуваат со влијанието на големите кризи и сл. А, можете да претпоставите колку е потешко да се задржат вработените во организациите, особено нивните значајни таленти.

Токму поради тоа, Ве покануваме да бидете дел од оваа обука, да стекнете знаења и да развиете вештини за тоа како да спроведете Stay интервју со вашите вработени, со вашите таленти, се со цел подолгорочно да ги задржите талентите во организацијата и поефективно да ги остварите предвидените организациски цели.

Предавач:
- Проф. д-р Даниела Карадаков

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
26.12.2022

## БОЛЕДУВАЊЕ КАКО ОСНОВ ЗА ОТСУСТВО ОД РАБОТА СО НАДОМЕСТОК НА ТОВАР НА РАБОТОДАВАЧ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 26 декември 2022 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „Боледување како основ за отсуство од работа со надоместок на товар на работодавач, отсуство на бремени работнички, други основи за платено отсуство, користење контролен лист како превенција од прекршоци“.

На работилницата ќе се анализира обврската на работодавачот да биде исплаќач на надоместокот на плата поради боледување на работниците, при што ќе се направи осврт на законската поставеност на боледувањето и условите за негово користење. Ќе се прегледаат најчестите предизвици со кои се соочуваат работодавачите во поглед на користењето боледување од страна на работниците.

Дополнително, ќе се дискутира и за отсуството поради бременост, раѓање и родителство, кои во дел, повторно, се на товар на работодавачот.

На работилница ќе се разгледаат и останатите основи за платено отсуство од работа, вклучително годишниот одмор и платениот одмор согласно Законот за работни односи и колективните договори.

Предавач:
- Викторија Спасовска – Симоноска, адвокат,предавач на обуки, семинари и конференции со особен фокус на тематики од облигационото, деловното и трудовото право.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk


СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Ваш деловен соработник
во светот на бизнисот
Посетете:
www.mchamber.mk
Ве очекуваме!
http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia
100
години
Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088